Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 51-вата седница одржана на 01.09.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата на /// /// од /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4408/1 од 20.09.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека предметот нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување.

Предметот со архивски број 12-4408 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4408/1 од 20.09.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// /// од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи за заземање и узурпација на градежно земјиште во државна сопственост во ///. Наведено е дека подносителот се обратил до надлежните службени лица во /// за преземање мерки од нивна законска надлежност, како и дека истите тие службени лица не постапиле по неговите пријави. Од ДКСК бара

да го преиспита овој случај согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

ДКСК ги разгледа наводите во пријавата од подносителот и со цел утврдување на фактичката состојба за конкретниот случај, на надлежниот градежен инспектор во погоре наведената општина, му наложи да изврши вонреден инспекциски надзор по однос на изнесените наводи во пријавата и побара податоци, информации и документација со цел извршување на нејзините законски надлежности. Службените лица на погоре посочената општина доследно постапија по барањата на ДКСК, го спроведоа наложениот вонреден инспекциски надзор и ги доставија потребните податоци, информации и документација. ДКСК по проучување на сите достапни докази, ценејќи го одделно секој доказ поединечно, како и сите докази во целина, по извршената единечна и вкрстена анализа на сите факти во предметниот случај, утврди дека на погоре опишаното градежно земјиште во државна сопственост, била изградена бесправна бетонска и метална ограда, за кои биле донесени акти од надлежниот градежен инспектор за нивно отстранување од страна на градителот, кој не постапил по така донесените акти. Постапувајќи по актите на надлежниот градежен инспектор, погоре означената општина извршила присилно уривање на бесправно изградените бетонска и метална ограда и истите биле отстранети, со што актите на надлежниот градежен инспектор биле извршени по присилен пат од страна на погоре означената општина. Оттаму, ДКСК констатира дека предметот нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување, друг орган постапил по наводите од пријавата на подносителот, по претходно доставен налог од страна на ДКСК за преземање соодветни службени дејствија од законска надлежност на истиот и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Г.Т.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk